**Образец бр. 2**

# Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1. Опис на проблемите

Во Република Македонија работењето на стопанските комори е уредено со два закони и тоа со:

1.Закон за стопанските комори („Службен весник на Република Македонија„ бр.54/02, 84/05) и

2.Закон за Стопанската комора на Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр.89/04).

Со Законот за Стопанската комора на Македонија, донесен и објавен во („Службен весник на Република Македонија„ бр.89/04), дејствува и работи Стопанската комора на Македонија.

Со Законот за стопанските комори, донесен и објавен во („Службен весник на Република Македонија„ бр.54/02, 84/05**),** запишани се и работат повеќе комори како на пр. Комората на северозападна Македонија, Комората на мали бизниси , Сојузот на стопанските комори и други комори.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Целта на предложениот закон е потребата од уредување на оваа област со еден закон, со што би се надминале проблемите кои настануваат од паралелното постоење на два закони кои ја уредуваат оваа област.

Со донесувањето на еден закон кој ќе ја уредува оваа област, ќе се надминат бројните дилеми и нејаснотии кои досега се јавуваа како во Република Македонија така и кај странските бизнис партнери и меѓународната заедница.

Со формирањето Унија на сите стопански комори и други облици на поврзување на стопански субјекти, ќе се надмине сегашната состојба. Истата ќе биде единствен репрезент на сите стопански комори, како во земјата, така и надвор од Република Македонија.

Унијата преку постојани активности, ќе обезбеди координиран настап на стопанските субјекти, односно на целото стопанство во промовирањето на производните, извозните и развојните потенцијали на Република Македонија во странство, што е многу значајно од аспект на подобрување на конкурентноста, привлекување на странски инвестиции и воопшто зголемувањето на економскиот развој на државата што може да донесе позитивни резултати и придобивки на генерален план.

### 3. Идентификација на можни решенија (опции)

1.Алтернатива во која се содржани одредби за доброволно членување во Стопанската комора и задолжително членување на стопанските комори во Унијата на комори и
2.Алтернатива во која се содржани одредби за доброволно членување во Стопанската комора и соработка помеѓу стопанските комори со потпишување на Договор за соработка.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Предлог на Закон за стопанските комори

**Опис:** Содржината на Законот е систематизирана во 10 делови (глави) со вкупно 53 членови.

Во Глава 1 се дадени Основните одредби (членови од 1-7).

Со основните одредби е утврдена содржината, основањето и целите, членството во коморите, коморската членарина, име на комората и јавност на работата на комората.Во одредбата која се однесува на коморската членарина утврдено е дека членството во комората е доброволно.

Во Глава 2 се содржани одредби кои се однесуваат на основање на коморите (членови од 8-21).Овие одредби се однесуваат на: основање на комората, акт за основање, статут на комората, органи на комората, собрание на комората, управен одбор,надзорен одбор, претседател на комората, стручни служби на комората, регистрација на комората, упис во регистарот, статусни промени, објавување на податоците.

Во Глава 3 се дадени одредби кои се однесуваат на облици на организирање и работење и други форми на организирање (членови од 22-26).

Со овие одредби дадена е можност во рамки на комората, како облици на организирање да се организираат здруженија според дејности, регионални комори и други форми на организирање и работење.

Во глава 4 се одредби со кои е утврдено работењето на комората (членови од 27-28).Овие одредби се однесуваат на активности на комората како и на можноста комората да врши јавни овластувања кои се утврдени со закон.

Во глава 4 (Алтернатива со склучување на договор за соработка)активностите на Унијата на стопанските комори ќе се вклопат во активностите на стопанската комора.

Во глава 5 се одредби кои се однесуваат на средства за работа на комората(член 29) во кој се утврдени начините на финансирање.

Во глава 6 се содржани одредби кои се однесуваат на судот на честа (членови 30 и 31) кои се однесуваат на можноста комората да формира суд на честа како независен орган.

Во глава 7се одредби кои се однесуваат на постојан избран суд-арбитража при комората (членови од 32-34) со кои е утврдено дека при комората може да постои избран суд –арбитража кој ќе носи одлуки што се конечни и имаат сила на правосилна пресуда.

Во глава 8 се содржани одредби кои се однесуваат на Унија на комори (членови од 35-48) и тоа:Унија на комори, членство во Унијата, активности на Унијата, органи на Унијата, Генерално собрание на Унијата, претседател на Генералното собрание, надлежност на Генералното собрание, одбор на директори на Унијата, надлежност на одборот на директори на унијата, извршен директор на Унијата, стручна служба на Унијата и средства за работа на Унијата.Во овие одредби новина е задолжителното членство на Унијата чија активност ќе значи соработка со стопанските комори на други држави, соработка со меѓународни стопански организации, со органи и други институции на република Македонија, за

обезбедување на единствен професионален интерес на стопанските комори и другите облици на поврзување на стопанските субјекти.

Во глава 8 (Алтернатива со склучување на договор за соработка), наместо Унија на стопански комори, содржани се одредби кои се однесуваат на можноста за склучување на договор за меѓусебна соработка помеѓу стопанските комори

Во глава 9  се одредби кои се однесуваат на престанок на Комората и Унијата (членови 49 и 50).

Во глава 9(Алтернатива со склучување на договор за соработка) се одредби кои се однесуваат на престанок на Комората.

Во глава 10 се содржани преодни и завршни одредби(членови од 51-53) со кои е утврдено дека со денот на влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат Законот за стопанската комора на Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.88/04) и Законот за стопанските комори (Службен весник на Република Македонија бр.54/02 и 84/05).

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ

2. **Придобивки**

Со донесувањето на еден Закон за стопанските комори ќе се надмине сегашната состојба во Република Македонија каде оваа област е уредена со двата погоре цитирани закони.
Новина во Предлог законот за стопанските комори е постоењето на одредби кои се однесуваат на Унијата на комори. Во неа, стопанските комори и другите облици на поврзување на стопанските субјекти преку свои претставници ќе реализираат: заедничко унапредување на својата работа и активности, усогласување на посебните и заедничките интереси во областа за која се основани, остварување на други прашања од заеднички интерес како и обезбедување на единствен професионален интерес во односите со државните органи и со меѓународната заедница.

3. **Ризици и претпоставки**

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со Алтернативата во која се содржани одредби за доброволно членување во Стопанската комора и задолжително членување на стопанските комори во Унијата на комори ќе се надмине сегашната состојба во Република Македонија каде оваа област е уредена со двата погоре цитирани закони.

Преку Унијата на комори, стопанските комори и другите облици на поврзување на стопанските субјекти преку свои претставници ќе реализираат: заедничко унапредување на својата работа и активности, усогласување на посебните и заедничките интереси во областа за која се основани, остварување на други прашања од заеднички интерес како и обезбедување на единствен професионален интерес  во односите со државните органи и со меѓународната заедница.

Со Алтернативата во која се содржани одредбите за доброволно членување во Стопанската комора и соработка помеѓу стопанските комори со потпишување на меморандум за соработка нема да се измени сегашната состојба кога во односите со државните органи во Република Македонија и пред меѓународната заедница настапуваат различни комори од Република Македонија.

**2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Исмаил Ебипи, Државен советник
Снежана Петковска, Раководител на сектор за правни работи
т. 3093 510
3093 462
e-mail : ismail.ebipi@economy.gov.mk
snezana.petkovska@economy.gov.mk

**3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

Катерина Костеска, Државен секретар

т.3093 404

e-mail : katerina.kosteska@economy.gov.mk

Исмаил Ебипи, Државен советник
Снежана Петковска, Раководител на сектор за правни работи
т. 3093 510
3093 462
e-mail ismail.ebipi@economy.gov.mk
snezana.petkovska@economy.gov.mk

**Изјава од министерот**

**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, Фатмир Бесими министер, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................... Датум: